# ПРИРАЧНИК ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО

Скопје, 2020 година

Автори:

Проф. д-р Сузана Борнарова

Проф. д-р Наташа Богоевска

| | |
|---|---|
| **Вовед** | **06** |
| **1. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | **06** |
| 1.1. Основни поими | **06** |
| 1.1.1. Социјална заштита | **07** |
| 1.1.2. Социјален проблем | **09** |
| 1.1.3. Социјален ризик | **11** |
| 1.1.4. Социјална ранливост | **12** |
| 1.2. Социјална превенција | **13** |
| 1.3. Социјални услуги | **14** |
| **2. АКТЕРИ И ЛОКАЛНА СОРАБОТКА ВО ДОСТАВА НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ** | **17** |
| 2.1. Институционална рамка на системот на социјална заштита | **17** |
| 2.2. Социјално-заштитна дејност на општините | **18** |
| 2.3. Вршители на дејноста социјална заштита | **19** |
| 2.4. Установи за социјална заштита | **19** |
| 2.5. Видови локална соработка во достава на социјални услуги | **21** |
| 2.6. Финансирање на локална достава на социјални услуги | **23** |
| **3. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | **24** |
| 3.1. Стратешко планирање на локално ниво | **24** |
| 3.2. Процес на стратешко планирање | **26** |
| 3.2.1. Подготовка на социјален план | **26** |
| 3.2.2. Подготовка на годишна програма за социјална заштита | **33** |
| 3.2.3. Подготовка на завршен извештај | **37** |
| **Користена литература** | **38** |

## ВОВЕД

Прирачникот за зајакнување на капацитетите за социјална заштита на локално ниво е подготвен како резултат на потребата од обука на локалните актери за реализација на социјално-заштитна дејност на иницијатива на Канцеларијата на УНДП во Скопје. Оваа иницијатива произлезе од досегашните сознанија за потреба од едукација во оваа овласт, како и од новитетите воведени со реформските процеси во системот на социјална и детска заштита.

Имено, со донесувањето на новиот Закон за социјална заштита во 2019 година се зајакнува улогата на општините во доставата на социјални услуги, односно се предвидуваат низа обврски како во однос на планирање на активности на стратешко ниво, така и во однос на имплементација на локално оперативно ниво. Во таа насока, општинската администрација треба да врши идентификација на ранливи групи и мапирање на социјални проблеми, анализа на капацитети и расположливи ресурси во општината, како и проценка на специфични потреби за развој на социјални услуги за жителите на локалното подрачје. Сето тоа, претставува основа за подготовка на Социјален план за подрачјето на општината и Годишна програма на активности како законска обврска на општината.

Прирачникот е изработен за целите на спроведување на обука за зајакнување на капацитетите за остварување на социјално-заштитни активности на локално ниво за претставници од: општините, планските региони, центрите за социјална работа, центрите за вработување, училишта, установи за социјална заштита и здруженија на граѓани. Обуките се реализираат на целата територија на Република Северна Македонија. Прирачникот, во исто време, ќе послужи како водич за подготовка на општинската администрација и стручните лица од релевантни локални институции/организации за реализација на надлежностите во областа на социјалната заштита.

Прирачникот содржи три поглавја. Првото поглавје кое е насловено Социјална заштита ги дефинира основните поими релевантни за оваа област: социјална заштита, социјален проблем, социјален ризик и социјална ранливост. Во него исто така се разработени темите социјална превенција и социјални услуги согласно најновите законски решенија. Второто поглавје е посветено на клучните актери и нивните надлежности во системот на социјална заштита, како и модалитетите на локална соработка меѓу нив кои треба да се развиваат на локално ниво. Последното, трето поглавје, го објаснува процесот на стратешко планирање во социјалната заштита и содржи конкретни смерници за подготовка на социјален план, годишна програма за социјална заштита и завршен извештај, што се очекува да биде од особена корист посебно за општинската администрација и членовите на општинските совети за социјална заштита.

## 1. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 1.1. Основни поими

***Системот на социјална сигурност*** се состои од два столба: контрибутивен и неконтрибутивен. *Контрибутивниот дел* се однесува на социјалното осигурување кое вклучува: пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност и се остварува врз основа на плаќање на придонеси од корисниците. *Неконтрибутивниот дел* е даночно финансиран од буџетот и се нарекува социјална заштита која вклучува: социјална помош, детски додатоци, социјална превенција и социјални услуги (Види Приказ 1).

*Приказ 1. Приказ на системот на социјална сигурност*




### *1.1.1. Социјална заштита*

***Социјалната заштита*** е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,

- спречување на социјалната исклученост,

- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, и

- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Системски закон со кој се регулира социјалната заштита во Македонија е Законот за социјална заштита. Покрај тоа, социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во областа на вработување, стипендирање, домување, заштита на семејството, заштита на децата, здравствена заштита, воспитание и образование и во други области согласно со закон.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон (види Приказ 2).

*Приказ 2. Права и услуги на социјална заштита*



### *1.1.2. Социјален проблем*

Социјалните проблеми се разликуваат по природата, манифестациите, етиологија, распространетоста, но сите без исклучок имаат негативни последици на индивидуално, локално и/или национално ниво. Секоја локална заедница се карактеризира со свои специфичности: историски и општествен контекст, социо-економска слика, демографија и географија, па оттука и со свои специфични социјални проблеми. Токму поради тоа, првиот чекор на сите организирани напори да се унапреди социјалната добросостојба на граѓаните е соодветното идентификување на видот на социјални проблеми кои постојат во заедницата.

Под ***социјален проблем*** се подразбира објективен настан или ситуација предизвикани од сложени општествени настани, природни непогоди или девијантни однесувања, кои неповолно влијаат врз поединецот, општествените групи или заедници на начин што им го отежнува или оневозможува социјалното функционирање и задоволувањето на човековите потреби, а чии последици не можат да се надминат без организирана општествена акција. Видови социјални проблеми се (Види приказ 3):

1) *Социјални проблеми поврзани со социјалниот развој:* сиромаштија, бездомништво, просење, невработеност, социјална нерамноправност, социјална исклученост, миграции, конфликти, урбанизација, популациони промени, еколошки проблеми, социјални болести, социјални дезорганизации и сл.;

2) *Социјални проблеми поврзани со девијантно однесување:* криминалитет кај возрасни, малолетничко престапништво, алкохолизам, зависност од дроги, проституција, коцкање, просење, трговија со луѓе, агресии (семејно насилство, меѓуврсничко насилство и сл.) и автоагресии (самоубиства и обиди за самоубиства).

3) *Социјални проблеми кои настануваат како последица на природни непогоди и епидемии:* пожари, поплави, епидемии, земјотреси и сл.

*Приказ 3: Видови социјални проблеми*

| Социјални проблеми поврзани со социјалниот развој | Социјални проблеми поврзани со девијантно однесување | Социјални проблеми кои настануваат како последица на природни непогоди и епидемии |
|---|---|---|
| сиромаштија | криминалитет кај возрасни | пожари |
| бездомништво | малолетничко престапништво | поплави |
| просење | алкохолизам | епидемии |
| невработеност | зависност од droги | земјотреси |
| социјална нерамноправност | проституција | други непогоди |
| социјална исклученост | коцкање | |
| миграции | трговија со луѓе | |
| конфликти | агресии (семејно насилство, меѓуврсничко насилство и сл.) | |
| урбанизација | автоагресии (самоубиства и обиди за самоубиства) | |
| популациони промени | | |
| еколошки проблеми | | |
| социјални болести | | |
| социјални дезорганизации | | |

За да може било која од горенаведените состојби да се смета за социјален проблем во една локална заедница потребно е да исполнува одредени услови. Социјален проблем е само состојбата која е:

- признаена и означена како постоечка од страна на поголем дел од населението;

- некомпатибилна со општествените вредности;

- масовно изразена и зачестена, односно погодува поголем број луѓе;

- јавен, а не индивидуален проблем;

- вознемирувачка и загрозувачка, односно има негативни последици врз луѓето;

- општествено предизвикана, односно има корени во општествените фактори;

- актуелизирана до степен да се бара општествена реакција и акција за нејзино надминување.

Секоја од наведените состојби која постои во локалната заедницаи за која ќе се утврди дека ги има горенаведените карактеристики треба да се третира како социјален проблем, односно треба да почне да се размислува за изнаоѓање локални решенија за надминување на таа состојба, меѓу останатото и преку дизајнирање на соодветни социјални услуги. Притоа, треба да се води сметка и секогаш да се имаат предвид следните клучни карактеристики на социјалните проблеми: историска условеност, општествена и локална специфичност, како и долгорочност. Она што ги прави овие општествени појави тешко надминливи се должи на неколку фактори:

а) репродукција, односно тенденција на социјалните проблеми да се пренесуваат меѓугенерациски;

б) мултипликација, односно тенденција на социјалните проблеми да се надоврзуваат еден на друг и да резултираат со состојба за која се карактеристични повеќе проблеми одеднаш (на пример, зависноста од дрога во исто време може да биде пропратена со проблем на сиромаштија, нарушување на семејните односи, соматски социјални болести, криминал, коцкање, проституција и сл.); и

в) диспропорционалност, односно социјалните проблеми диспропорционално и нерамномерно ги погодуваат граѓаните, т.е. оставаат различни последици по различни групи граѓани (на пример, природната катастрофа поплава ќе има сосема различни последици по богатите домаќинства кои брзо можат да ги надоместат направените штети и да закрепнат, одошто по сиромашните домаќинства кои не располагаат со доволно ресурси). Тоа не води до прашањето на ризиците, стресовите и ранливоста, односно до потрагата по одговорот на прашањето кое пред себе треба да си го постави секоја локална заедница на почетокот од процесот на креирање социјални услуги: зошто одредени групи граѓани трпат големи последици од социјалните проблеми, а за други истите се повеќе или помалку минлива појава?

### *1.1.3. Социјален ризик*

***Социјален ризик*** е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост.

Секој поединец, група, заедница е изложен на делувањето на бројни ризици од различна природа. Ризикот претставува состојба на изложеност на и висок потенцијал за опасност, штета, загуба или повреда. Ризиците можат да бидат: политички (дискриминација, социјална исклученост), природни (катастрофи), здравствени (болести) итн. Друга поделба на ризиците е на ризици кои ги создава природата (природни катастрофи) и на ризици кои ги создава човекот (војни, инфлација). Се разликуваат и ризици со слаба зачестеност, но со големи последици по социјалната добросостојба (катастрофални) и ризици со поголема зачестеност, но со помали последици по социјалната добросостојба (некатастрофални); некорелирани (специфични за изолирани случаи или мал број луѓе, на пример незаразна болест, фрикциона невработеност) или корелирани кои погодуваат поголем број луѓе или цели заедници (коваријантни, од типот на заразна болест, финансиска криза, суша), еднократни наспроти репетитивни (ризици кои се повторуваат) и т.н (WorldBank, 2003).

### *1.1.4. Социјална ранливост*

Веќе истакнавме дека ризиците се состојби на изложеност на и висок потенцијал за опасност, штета, загуба или повреда. Сите настани кои пак предизвикуваат опасност, штета, загуба или повреда се нарекуваат ***стресори***. Стресорите можат да бидат:

1) *Развојни* – стресори кои се резултат на транзициите на поединецот или семејството низ животниот циклус, кои можат да се предвидат и за кои поединецот и семејството можат да се подготват (на пример, проблематично однесување како резултат на влез во адолесценција);

2) *Неразвојни (непредвидливи)* – стресори кои се резултат на непредвидливи настани (на пример, предвремена смрт, раѓање на инвалидно дете, повреди, хронични болести и сл). Овој вид стресори се јавуваат одеднаш и врз нив не постои контрола, поради што е голема веројатноста за интензивна емоционална и бихевиорална дезорганизација. (Gladding, 1998)

Кога ризикот ќе се актуелизира, односно кога ќе се појави стресор, се предизвикува стрес**.** ***Стресот*** е целокупната реакција на човекот на барањата и притисоците кои ги наметнуваат стресорите која се смета дека резултира со штетни последици, го надминува адаптивниот капацитет на луѓето и ја загрозува нивната добросостојба.

Некои поединци и групи брзо се справуваат со стресорите и тие не оставаат големи последици по нив (познато како *резилиентност)* . Други, не умеат или немаат капацитет да се справат со негативните последици од стресорите на кои се изложени (познато како нерезилиентност) и тоа ги води кон социјално неприфатливо ниво на социјална добросостојба (Hoogeveen, et all., 2003). За нив велиме дека се социјално ранливи. *Социјална ранливост* е состојба на поединец, групи или цели заедници која се карактеризира со:

- неможност да се совладаат негативните последици од стресорите;

- висок потенцијал да бидат физички или психички ранети/повредени, и

- недостаток на капацитет, способности и можности за:

    - предвидување на стресните ситуации;
    - справување со стресните ситуации;
    - надминување на последиците од стресните ситуации, и
    - опоравување од стресните ситуации.

Поединец, група или заедница кои имаат поголем капацитет за приспособување, а помала чувствителност и изложеност на стресори се помалку ранливи. Поединец, група или заедница кои имаат помал капацитет за приспособување, а поголема чувствителност и изложеност на стресори се поранливи. Ако се навратиме на врската меѓу ризиците, стресорите и стресот како состојба која ја нарушува социјалната добросостојба, можеме да заклучиме дека ранливоста станува видлива во последната фаза на т.н. реагирање на стресот, односно во фазата кога се јавуваат последиците. Ранливите групи население вообичаено се соочуваат со поголеми и подолготрајни последици по социјалната добросостојба. Всушност, токму овие последици се она што една група граѓани ја прави поранлива во споредба со друга.

Во основа може да се зборува за неколку групи инструменти кои се користат за справување со ризиците:

1) неформални (помош од семејство и роднини, взаемна помош, самозаштита (позајмување, користење сопствени извори на средства за покривање на трошоците),

2) пазарни (користење микрокредити, заеми од банки, бенефиции од осигурителни компании) и

3) јавни – социјална заштита (*Социјално осигурување* финансирано од придонеси: од ризици на наевработеност, старост, повреда на работа, болест, инвалидност; *Социјална помош* (финансирана од даноци); *Социјални услуги* (финансирани од даноци, донации, проекти, јавноприватно партнерство и т.н.).

Во основа, неранливите групи граѓани кои располагаат со високи капацитети за приспособување и надминување на ризиците се потпираат на неформалните, приватните инструменти и на социјалното осигурување. Кај ранливите групи граѓани постои ситуација на слаби и исцрпени капацитети за справување со ризиците. Поради тоа кај овие групи граѓани неформалните, пазарните инструменти и социјалното осигурување или не постојат, или се недоволни, па најчесто тие ја користат социјалната помош и социјалните услуги за унапредување на социјалната добросостојба, нарушена под влијанието на стресорите од различна природа.

Од особена важност е да се истакне дека сите ранливи групи не се наоѓаат во иста ситуација, ниту пак имаат ист статус во заедницата. Ранливите групи можат да се соочуваат со бројни потешкотии и проблеми зависно од состојбата во која се наоѓаат. Понекогаш во заедницата опстојуваат ранливи групи кои остануваат незабележани (и за населението и за јавните институции), за чии проблеми и потешкотии малку се зборува, а уште помалку се прави (т.н. невидливи ранливи групи). Понекогаш во заедницата опстојуваат ранливи групи чие постоење е забележано и признаено (и од населението и од јавните институции), за чии проблеми и потешкотии не само што се зборува, туку и се прави (т.н. видливи ранливи групи). Се поставува прашањето зошто се јавува ваква ситуација? Одговорот е во социјалните проблеми. Едноставно, проблемите на некои ранливи групи поминуваат незабележано, а на други го привлекуваат вниманието на општествената јавност и ја поттикнуваат на акција. Проблемите кои се издигнале на ова ниво во општествената јавност се всушност социјални проблеми (Борнарова, 2013).

За справување со социјалните проблеми како негативни општествени појави неопходно е да се развива социјална превенција за нивно спречување, како и соодветни социјални услуги за нивно надминување.

### 1.2. Социјална превенција

Мерките на социјална превенција се реализираат за заштита од социјални ризици, спречување на појавата на социјални проблеми и ублажување на последиците од настанатите социјални проблеми на граѓаните. Мерките на социјална превенција се реализираат во соработка помеѓу установите за социјална заштита, предучилишни, образовни, здравствени установи, полициски станици, единицата на локалната самоуправа и други државни органи, правни и физички лица и здруженија.

Мерките на социјална превенција се дадени на Приказ 4.

*Приказ 4: Мерки на социјална превенција*




### 1.3. Социјални услуги

За разлика од оние бенефиции кои се поврзани со одржување на приходите (income maintenance) и се фокусирани на подобрување на финансиската ситуација на граѓаните (на пример социјална парична помош, пензии, здравствена заштита), социјалните услуги се ориентирани кон помош во задоволување на нефинансиските потреби и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги (personal social services), хумани социјални услуги (human social services) или услуги за социјална нега (social care services) од причина што задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но сепак не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање. И додека облиците на финансиска помош историски се делегирани на јавната социјално-заштитна мрежа, социјалните услуги ги обезбедуваат и јавни и приватни (профитни и непрофитни) организации (Борнарова, 2004).

Социјални услуги во системот на социјална заштита се: информирање и упатување, стручна помош и поддршка, советување, услуги во домот, услуги во заедницата, услуги на вон-семејна заштита (Види Приказ 5).

*Приказ 5: Видови социјални услуги*

| ВИД СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Услуги на информирање и упатување | | |
| 2. | Услуги на стручна помош и поддршка | | |
| 3. | Услуги на советување | | |
| 4. | Услуги во домот | Услуга на помош и нега во домот | |
| | | Услуга на лична асистенција | |
| 5. | Услуги во заедницата | Дневени услуги | Услуга на дневен престој |
| | | | Услуга на рехабилитација и реинтеграција |
| | | | Услуга на ресоцијализација |
| | | Привремени услуги | Услуга за привремен престој |
| | | | Услуга на одмена на семејна грижа |
| | | | Куќа на пола пат |
| 6. | Услуги на вонсемејна заштита | Живеење со поддршка | |
| | | Згрижување во семејство | |
| | | Сместување во установа | |

**1)** ***Услуги на информирање и упатување*** опфаќаат информирање на граѓаните за правата од социјална заштита и расположливите социјални услуги, првична проценка и упатување до други институции, со цел остварување непречен пристап до правата и услугите.

**2)** ***Услуги на стручна помош и поддршка*** опфаќаат помош и поддршка за надминување на индивидуални и семејни проблеми преку проценка, планирање, интервенции за заштита и евалуација, како и следење на состојбата по завршување на интервенциите, со цел зајакнување на корисниците, промоција на нивниот непречен развој, обезбедување и одржување на добросостојбата и независноста и нивно долгорочно оспособување за самостојно надминување на социјалните проблеми.

**3)** ***Услуги на советување*** опфаќаат советодавна односно советувалишна работа, со цел превенирање, ублажување и надминување на последиците од настанатите социјални проблеми на поединец и семејство, и тоа: подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи; советување при развод на брак; семејна медијација за семејства со нарушени семејни односи; психо-социјална поддршка за жртви на семејно насилство; психо-социјален третман на сторители на семејно насилство; и други специјализирани видови на советувања.

**4)** ***Услуги во домот*** се услуги за обезбедување помош и нега во домот на лице со привремено или трајно намален функционален капацитет, со цел овозможување на лицето да продолжи да живее во сопствениот дом и превенција на потребата од вонсемејна заштита, и тоа: помош и нега во домот и лична асистенција.

4.1) *Услугата помош и нега во домот* обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот[1] до 80 часа месечно, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, со цел да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата. Корисници на услугата се: лица со најтешка попреченост, односно комбинирана попреченост со највисок степен, потполно слепи лица, стари лица и други лица на кои им е потребна помош и нега во домот. Услугата се обезбедува на лице на кое помошта во домот не можат да ја обезбедат неговиот брачен другар, родителите или децата, поради заснован работен однос, нарушена здравствена состојба и старост.

4.2) *Услугата лична асистенција* опфаќа индивидуална помош и поддршка за лица од 18 до 65 годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка. Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно. Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица.

Корисник на услугата помош и нега во домот која се реализира со трошоци надоместени од центарот за социјална работа, истовремено не може да користи услуга лична асистенција.

**5)** ***Услуги во заедницата*** опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат, заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита. Услугите во заедницата се делат на дневни и привремени услуги.

**5.1)** ***Дневни социјални услуги***

5.1.1) *Услугата за дневен престој* опфаќа дневно згрижување, индивидуални активности за стекнување животни и работни вештини, социјални, културни и рекреативни активности, едукација, социјална поддршка на лицата и нивните семејства и други сродни активности. Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани лица, стари лица и други лица со специфични социјални проблеми.

5.1.2) *Услугата за рехабилитација и реинтеграција* на лица кои се соочуваат со социјални и/или здравствени проблеми се обезбедува преку психо-социјална поддршка, терапевтска работа, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење. Корисници на услугата се: деца во ризик, лица со попреченост и маргинализирани лица со специфични социјални и здравствени проблеми.

---

1. „Инструментални активности од секојдневниот живот“ се: чистење, поправки, перење, готвење, купување продукти, надворешна мобилност, земање медицинска терапија и други слични активности.

5.1.3) *Услугата за ресоцијализација* се обезбедува преку советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија, образовна поддршка, придружба, едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување и други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците. Услугата за деца во ризик и деца во судир со законот се обезбедува во центар за деца, согласно со Законот за правда за децата. Услугата за возрасни лица по издржување на казна затвор и други лица со специфични социјални проблеми во потреба од ресоцијализација се обезбедува во центар за ресоцијализација.

**5.2)** ***Привремени социјални услуги***

5.2.1) *Услугата за привремен престој* обезбедува заштита и стручна помош на лица кои се наоѓаат во кризна состојба заради надминување на состојбата и нивна социјална интеграција. Корисници на услугата се: дете кое ќе се затекне без родителска грижа или како скита, дете жртва на злоупотреба, жртва на семејно насилство и родово базирано насилство, жртви на трговија со луѓе, бездомници. Услугата се обезбедува во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината до една година.

5.2.2) *Услугата за одмена на семејна грижа* обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмена, одмор и задоволување на лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив. Услугата може да се обезбеди и во домот на корисникот. Корисник на услугата е член на семејството кој се грижи за старо лице, лице со попреченост и друго болно и изнемоштено лице, кое не може самостојно да ги врши основните и инструменталните активности од секојдневниот живот. Услугата за одмена на семејна грижа која се реализира со трошоци надоместени од центарот за социјална работа се обезбедува во времетраење до 15 дена во една календарска година.

5.2.3) *Куќа на пола пат* обезбедува помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица кои претходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом, заради нивна реинтеграција во општеството. Услугата се обезбедува во текот на сместувањето или веднаш по престанокот на сместувањето. Корисници на услугата се: дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање на воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и droги по спроведен третман за лекување и други лица со специфични социјални проблеми кои имаат потреба од подготовка за самостоен живот.

**6)** ***Услуги на вон-семејна заштита*** обезбедуваат основна заштита која опфаќа: сместување, помош и поддршка од стручни лица, згрижување, исхрана, облека, здравствена заштита, и други услуги во зависност од видот на корисниците, кои немаат услови за живеење во своето семејство или од други причини им е потребна вон-семејна заштита. Услуги на вон-семејна заштита се:

**6.1)** ***Живеење со поддршка*** се обезбедува во посебна станбена единица со помош од стручни или други лица во остварување на основните и инструменталните активности во секојдневниот живот. Помошта и поддршката може да биде повремена, дневна или 24 часовна, во зависност од потребите на корисникот. Корисници на услугата се: лица со попреченост и деца без родители или родителска грижа над 14 годишна возраст, а најдоцна до завршување на средното образование, заради оспособување за самостоен живот и интеграција во општеството. Во станбена единица за живеење со поддршка може да се сместат најмногу до пет лица, односно седум деца без родители или родителска грижа.

**6.2)** ***Згрижување во семејство*** опфаќа основна заштита и 24 часовна грижа за деца и возрасни лица кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство. Згрижувањето може да се обезбеди како општо, специјализирано, повремено, интервентно или роднинско згрижување.

**6.3)** ***Сместување во установа*** опфаќа основна заштита која обезбедува: згрижување, -24 часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон-семејна заштита.

- Услугата за сместувањето во *установа за деца, стари лица, лица со попреченост и баратели на азил* покрај основната заштита, обезбедува пристап до образование, стекнување на животни вештини, работно оспособување и професионална рехабилитација, социјални, културни и рекреативни активности, во зависност од потребите на корисниците на услугите.

- Услугата за сместување *на деца во судир со законот* на возраст од 14 до 18 години со изречена мерка упатување во воспитна установа, согласно со прописите од областа за извршување на санкциите и упатување во соодветна установа согласно со закон, освен основната заштита, опфаќа и ресоцијализација, реинтеграција, воспитание, пристап до образование и образовна поддршка, организирано минување на слободното време и други услуги за ресоцијализација. Услугата се организира во воспитна установа за деца, согласно со Законот за правда на децата.

- Услугата за сместување на *изнемоштено старо лице, хронично болно лице, терминално болно лице* и друго лице во потреба од континуирана помош и нега, освен основната заштита, опфаќа и специјализирана стручна помош и социјална поддршка на неговото семејства.

- Услугата за сместување на *лица со попреченост, лица кое имаат проблем со зависности и други маргинализирани лица,* кои имаат потреба од спроведување на третман и рехабилитација, покрај основната заштита, им се обезбедува, третман и рехабилитација, работно-окупациона терапија, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување, реинтеграција и самостојно живеење, во зависност од потребата на корисникот.

- Услугата за сместување на *деца без родители и родителска грижа, малолетни родители со деца, самохрана невработена бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето, стари лица, лица со попреченост во групен дом*, обезбедува основна заштита за најмногу 10 лица.

- *Интервентно сместување* обезбедува заштита во кризна состојба, а најдолго до 30 дена.

- *Привремено сместување* се обезбедува за дете, за кое во моментот кога е настаната потребата не може да му се обезбеди сместување во згрижувачко семејство. Привременото сместување може да трае до обезбедување на сместување во згрижувачко семејство, друга форма на заштита или враќање во сопственото семејство, а најдолго до шест месеци. Во случај кога на детето му е потребен стручен третман или здравствена услуга, сместувањето може да трае до една година.

- *Сместување на дете во ученички дом или друга установа,* доколку се оцени дека тоа е во најдобар интерес на детето да го продолжи задолжителното образование за: дете без родители и дете без родителска грижа, до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин и дете во ризик, дете од домаќинство кое користи гарантирана минимална помош и дете жртва на семејно насилство.

Давателот на услугата може да дава и други сродни интегрирани услуги, во зависност од потреби на корисникот. Лице може да користи социјална услуга, доколку е развиена и достапна. На корисник кој поради специфичната социјална или здравствена состојба има потреба за сместување и за постојана здравствена нега и грижа, може да му се обезбеди социјално-здравствена услуга. Во зависност од потребите на корисникот, услугите од социјална заштита можат да се даваат истовремено и комбинирано со услугите кои ги даваат образовните, здравствените и други установи, за што се склучува протокол за меѓусекторска соработка помеѓу надлежните министерства и/или установите.

## 2. АКТЕРИ И ЛОКАЛНА СОРАБОТКА ВО ДОСТАВА НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

### 2.1. Институционална рамка на системот на социјална заштита

Републиката се грижи за социјалната заштита на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, го воспоставува системот на социјалната заштита и го овозможува неговото функционирање. Носители на социјалната заштита се Републиката, општината, градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности во согласност со Законот за социјална заштита, преку основање на установи за социјална заштита или пренесување на вршењето на работи од социјалната заштита на здруженија, други правни и физички лица при што нивните меѓусебни права и обврски ги уредуваат со управен договор. Во текстот што следува ќе бидат наведени надлежностите на клучните институции во системот на социјална заштита, како и на другите вршители на дејноста социјална заштита.

Надлежностите на Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и единиците на локалната самоуправа во социјалната заштита се утврдени со Законот за социјална заштита.

За остварување на дејноста на социјалната заштита, Владата на Република Северна Македонија:

- донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните со мерки на среден рок до пет години и на долг рок до 10 години;

- донесува годишна програма за остварување на социјалната заштита со која ги утврдува подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита;

- основа јавни установи за социјална заштита; и

- дава одобрение за основање установи за социјална заштита од страна на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и на други правни и физички лица за вршење работи од социјалната заштита.

Клучна институција на национално ниво за планирање и развој на социјалната заштита е *Министерството за труд и социјална политика (Министерството).* Министерството во рамките на својата надлежност е должно да им обезбеди на граѓаните ефикасно и законито остварување на нивните уставно загарантирани права. Организацијата, надлежностите и работата на Министерството, како орган на државната управа и дел од извршната власт, се уредува со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

За остварување на дејноста на социјалната заштита, Министерството:

- развива национална политика за социјална заштита;

- изготвува закони и други прописи;

- развива, координира и администрира национални програми и проекти за социјална заштита;

- обезбедува дополнителни финансиски средства за општините, градот Скопје и општините во градот Скопје за социјална заштита и склучува управни договори за давање социјални услуги;

- обезбедува финансиски средства за вршење работи од социјална заштита и склучува управни договори за давање на социјални услуги со овластени даватели на социјални услуги;

- издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица;

- утврдува цени на услуги од социјалната заштита на годишно ниво;

- врши надзор над работењето на установите, здруженијата и другите правни и физички лица кои вршат работи од социјална заштита; и

- врши други работи поврзани со социјална заштита.

## 2.2. Социјално-заштитна дејност на општините

Процесот на децентрализација во социјалната заштита во Република Северна Македонија беше инициран со донесувањето на Законот за локална самоуправа со кој на општините, Град Скопје и општините во Град Скопје им беа доделени надлежности во областа на социјалната заштита. Започнувајќи од 2004 година, со измените на Законот за социјална заштита на општините, им беше дадена можност за донесување на развојни програми за специфичните потреби од социјална заштита на граѓаните од своето подрачје и можност за преземање на основачките права на установите за стари лица и центрите за дневно и привремено згрижување. Сепак, непостоењето на законски обврзувачки елементи резултираше со недоволна инволвираност на општините во обезбедувањето и доставата на социјалните услуги.

Поради ваквата состојба, со Законот за социјалната заштита од 2009 година се утврди обврска за општините да донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во согласност со националните стратешки правци за развој на социјалната заштита. Општините се должни да ги доставaт локалните програми на мислење до Министерството за труд и социјална политика. Општините обезбедуваат остварување на социјална заштита преку мерките на социјална заштита, односно правата на парична помош, социјалните услуги и социјалната превенција, домување и други сродни области. Општините можат со своја одлука во согласност со материјалните можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, права во поголем обем од обемот на правата утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита. Заради остварувањето на заедничките интереси и вршењето на заедничките работи од надлежност на општините, тие можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби. Соработката се уредува со Законот за меѓуопштинска соработка.

*Единиците на локалната самоуправа* согласно постоечкиот Закон за социјална заштита од 2019 година развиваат локални мерки и активности за социјална заштита, и тоа:

- обезбедуваат спроведување на социјалната заштита согласно законската регулатива;

- утврдуваат и финансираат други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита во поголем обем;

- основаат јавни установи за социјална заштита;

- формираат Совет за социјална заштита;

- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион;

- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита;

- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, други правни и физички лица и склучуваат управни договори; и

- вршат други работи поврзани со социјална заштита.

## 2.3. Вршители на дејноста социјална заштита

Дејноста на социјалната заштита под услови и во постапка утврдени со закон, ја вршат: Завод за социјални дејности, Центар за поддршка на згрижувачки семејства и згрижувачки семејства.

Како даватели на социјални услуги се јавуваат и:

- ***Здружение*** може да дава социјални услуги и тоа: социјални услуги во домот; социјални услуги во заедницата, освен услуги за ресоцијализација на деца во ризик и ресоцијализација на деца во судир со законот; услуги на вон-семејна заштита, освен установа за прифат на баратели на азил, воспитна установа и групен дом за деца во ризик; услуги на информирање и упатување; услуги на стручна помош и поддршка; и услуги на советување. Здружението услугите ги дава согласно со издадената дозвола за вршење работи од социјална заштита. Здружението, услугите на установа за сместување, групен дом, установа за третман и рехабилитација ги дава доколку основа установа.

- ***Физичко лице*** може самостојно да врши работи од социјална заштита како професионална дејност, кои се однесуваат на помош и нега во домот, згрижување во семејство, лична асистенција и одмена на семејна грижа.

Стручните лица даватели на јавни услуги вработени во јавни и приватни установи за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги треба да поседуваат лиценца за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита.

## 2.4. Установи за социјална заштита

Клучни вршители на дејноста социјална заштита се установите за социјална заштита. Со Законот за социјална заштита се уредува начинот и постапката за основање, работа и престанок на работа на установата за социјална заштита како организационен облик за вршење работи од социјална заштита. Одредбите на Законот за установи имаат супсидијарна примена и се применуваат доколку со Законот за социјална заштита не е поинаку уредено.

За остварување на системот на социјалната заштита се основаат јавни и приватни установи за социјална заштита. Установата за социјална заштита носи Статут со кој се уредува организацијата, управувањето и раководењето, општите акти и постапката за нивно донесување и други работи од значење за работата на установата за социјална заштита.

Согласно Законот за социјална заштита може да се основаат следните установи за социјална заштита: центар за социјална работа, установа за вон-семејна социјална заштита и центар за социјални услуги.

**а)** ***Центар за социјална работа (ЦСР)*** се основа како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита за подрачјето на една или повеќе општини. ЦСР ги врши следниве работи: решава за правата од социјална заштита, детска заштита, меѓународна и привремена заштита, семејно-правни односи, социјална сигурност на стари лица, постапува по работите од својата дејност утврдени со прописите од кривичното право и врши други работи утврдени со закон.

При спроведувањето на социјалната заштита, како и стручната работа, центарот:

- врши информирање и упатување на граѓани во однос на остварување пристап до права од социјална заштита;

- спроведува стручна помош и поддршка на поединец и семејство за надминување на социјални проблеми;

- реализира мерки и активности на социјална превенција и советување на поединец и семејство заради спречување и ублажување на последици од социјални проблеми;

- врши непосреден увид заради утврдување на фактичката состојба во домаќинството и потребите на членовите на домаќинството од социјална заштита;

- презема интервенции за зачувување на семејство во криза од дезинтеграција заради спречување на одвојување на децата од биолошкото семејство и интервенции за создавање услови за враќање на децата во биолошкото семејство;

- обезбедува пристап до услуги во домот, заедницата и вон семејството;

- развива и спроведува услуги во домот и заедницата;

- изготвува планови и програми за социјална заштита;

- и други работи утврдени со закон.

**б)** ***Установи за вон-семејна социјална заштита се:***

- резиденцијален дом;

- дом за помош и нега;

- воспитна установа;

- установа за третман и рехабилитација;

- групен дом; и

- установа за прифат на баратели на азил.

Установата за третман и рехабилитација може да се организира како терапевтска заедница. Во установата може да се воспостави советувалиште, како посебна организациона единица.

Установите вршат работи од социјална заштита за давање социјални услуги во согласност со видот, описот и корисниците на социјалната услуга за вон-семејна заштита, утврдени со Законот за социјална заштита. Установата за вон-семејна социјална заштита може да дава социјално-здравствени услуги во посебна организациона единица, согласно со актите на установата.

**в)** ***Центар за социјални услуги дава дневни и/или привремени услуги*** во домот на корисникот и во заедницата. Центарот за социјални услуги кој дава дневни услуги се организира како: центар за социјални услуги во домот, центар за дневен престој, центар за рехабилитација, центар за ресоцијализација и советувалиште. Центарот за социјални услуги кој дава привремени услуги се организира како: центар за привремен престој, центар за одмена на семејна грижа и куќа на пола пат. Центарот за социјални услуги може да дава интегрирани услуги[2] во домот и во заедницата, во зависност од категоријата на корисници и стандардите и нормативите за давање на услугата. Центарот за социјални услуги врши работи од социјална заштита на давање социјални услуги во согласност со видот, описот и корисниците на социјалната услуга во домот или заедницата, утврдени со Законот за социјална заштита.

---

2 „Интегрирани социјални услуги" се сродни социјални услуги во домот, заедницата и вон семејството кои се даваат од страна на лиценциран давател на социјални услуги.

*Приказ 6. Установи за социјална заштита*

**Центар за социјална работа**

| | | |
|---|---|---|
| **Центар за социјални услуги** | **Дневни услуги** | Центар за социјални услуги во домот<br>Центар за дневен престој<br>Центар за рехабилитација<br>Центар за ресоцијализација<br>Советувалиште |
| | **Привремени услуги** | Центар за привремен престој<br>Центар за одмена на семејна грижа<br>Куќа на пола пат |
| **Установи за вон-семејна заштита** | | Резиденцијален дом<br>Дом за помош и нега<br>Воспитна установа<br>Установа за третман и рехабилитација<br>Групен дом<br>Установа за прифат на баратели на азил |

## 2.5. Видови локална соработка во достава на социјални услуги

Социјалната заштита претставува комплексна област во која се испреплетуваат различни актери на различни нивоа. Локалната соработка претставува клучен фактор од кој зависи успехот во справувањето со социјалните проблеми и обезбедувањето на социјалната функција на општината за жителите на локалното подрачје. Моделот на локална соработка, интензитетот и динамиката на соработката зависат од социјалниот проблем кој се решава, историјата на меѓусебните односи, како и капацитетите (човечки, инфраструктурни и финансиски) со кои располагаат вклучените актери. Покрај правилната идентификација на контекстуалните референци, за да може да се планира и реализира соодветен модел на соработка потребно е да се поседува знаење за различните видови на соработка, како и разликите кои постојат меѓу нив.

Основните модалитети на соработка меѓу различните актери во доставата на социјални услуги се претставени на Приказ 7.

*Приказ 7: Основни модалитети на соработка во доставата на социјални услуги*

| **Различни видови на соработка** | |
|---|---|
| **Мулти-дисциплинарно работење** | Заедничка работа на стручен кадар од различен профил, позадина и едукација во рамките на една институција/организација. |
| **Интер-агенциска работа** | Повеќе од една агенција (институција) работат заедно на однапред планиран и формален начин врз основа на обединети ресурси или обединети буџети. |
| **Мулти-секторска соработка** | Државата, приватниот сектор и граѓанското општество работат заеднички за решавање на комплексни социјални проблеми. |
| **Вмрежување** | Неформални контакти и комуникација меѓу актери од различни сектори. |
| **Заедничко работење** | Професионалци од повеќе од една агенција/сектор работат здружено на проектна основа. |
| **Партнерство** | Формализиран однос во кој два или повеќе актери се согласиле да работат заедно за постигнување на дефинирани цели во одреден временски период (партнерството подразбира заедничко дефинирање на програмски цели и процедури, поделена одговорност, ресурси, ризици и бенефиции во дадениот временски период). |

*Извор: Богоевска, 2013*

Различните модели на соработка може да се класифицираат според различни критериуми: карактер на соработката, хиерархија на вклучените актери, ниво на кое дејствува и прашања кои ги покрива (Види Приказ 8).

Според опфатот на активности се разликуваат повеќе нивоа на локална соработка. Секое наредно ниво опфаќа дополнителна активност и повисок степен на заедничко работење.

*Приказ 8: Различни видови локална соработка*




*Извор: Children Acts Advisory Board, 2009*

## 2.6. *Финансирање на локална достава на социјални услуги*

Постојат три главни механизми за финансирање на социјалните услуги во чија достава се вклучени две или повеќе институции/организации. Финансирањето може да се реализира преку обезбедување на буџетска поддршка, односно субвенции или грантови; склучување договори за вршење на услуги; или обезбедување на т.н. плаќање од трета страна (види Приказ бр. 9). Во Република Северна Македонија не постојат законски ограничувања за користење на различните механизми за финансирање на социјалните услуги (Богоевска, 2013).

*Приказ 9: Механизми за финансирање на социјални услуги*




*Извор: Bullain & Panov, 2012*

Во однос на финансирањето на социјално-заштитните активности на општините постојат неколку извори на финансирање, и тоа:

- *Буџетот на општината, на Град Скопје и општините во градот Скопје.* Со овие средства се финансираат годишните програми за социјална заштита на локално ниво, проектни активности во соработка со НВО секторот, како и други активности на општината во оваа област.

- *Средства од буџет на Република Северна Македонија.* Министерството за труд и социјална политика најмалку еднаш годишно објавува јавен повик за обезбедување социјални услуги од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, здружение и приватен давател на социјални услуги од мрежата на овластени даватели на социјални услуги. Министерството по потреба објавува јавен повик за иновативни и интервентни социјални услуги на кој може да учествуваат и општините. При распределбата на средствата, предност имаат пријави кои се реализираат преку меѓуопштинска соработка, соработка со лиценцирани даватели на социјални услуги, меѓуресорска соработка и обезбедено кофинансирање.

- *Учество на корисникот* и лицата кои се должни да го издржуваат врз основа на други прописи, преку наплаќање на услуги.

- Стекнување средства по основ на *подароци, легати и други извори согласно* со закон, а кои ќе се користат за социјална заштита на граѓаните.

- Обезбедување на дополнителни средства преку *донации, аплицирање на програми и фондови* за спроведување на проектни активности.

## 3. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ВО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 3.1. Стратешко планирање на локално ниво

За реализација на социјално-заштитни активности во општината потребно е развивање на локална мрежа составена од различни институции и организации. Ефективното функционирање на оваа мрежа налага соодветно структурирање, планирање и реализирање на мулти-секторската соработка.Ова подразбира јасно разграничување на улогата и мандатот на секоја институција/организација поединечно, воспоставување на механизми и процедури за меѓусебно упатување и соработка, како и утврдување на областите и формите на заемно делување. На тој начин се обезбедува холистички пристап, координирано постапување и усогласени цели прифатени од сите учесници во мрежата. Мулти-секторското работење е важно за рана и ефективна идентификација на лица и групи во ризик, размена на информации, заедничко одлучување и координирање на активностите на стратешко и оперативно ниво во спречување и надминување на социјални проблеми.

Во рамките на локалната мрежа, вработените стручни лица во институциите/организациите треба да имаат јасни знаења не само за матичните, туку и за мандатот и надлежностите на другите служби заради извршување на соодветно информирање и упатување, како и координирана стручна работа. Навременото информирање и вклучување на други соодветни стручни лица уште во раната фаза на идентификација на случајот, гарантира систематски пристап во решавањето на социјалните проблеми кои се комплексни и мулти-димензионални, како и во спречувањето на нивно продлабочување и продуцирање на други пропратни проблеми. За таа цел се формираат мултисекторски форуми преку кои на стратешко ниво се создаваат канали за соработка, се надминуваат постоечките бариери и се олеснува заедничкото постапување.

Во таа насока, новина во Законот за социјална заштита претставува обврската на општините за основање општински совети за социјална заштита (ОССЗ), како и совети за социјална заштита на планските региони. На тој начин се очекува општините да ги зајакнат капацитетите за вршење на социјална заштита и соодветно да одговорат на социјално-заштитните потреби на локалното население. Имајќи ги предвид претходните негативни искуства со функционирањето на вакви тела, со поддршка на канцеларијата на УНДП во Скопје, изработено е Упатство за работа на ОССЗ кое има за цел да понуди насоки за нивно основање и работа. ОССЗ се составени од претставници на релевантни институции и организации на локално ниво (Види Приказ 10):

*Приказ 10. Членство во ОССЗ*

| | Институции/организации | Предлог институција/позиција | Предлог број на претставници |
|---|---|---|---|
| 1. | Општинска администрација | раководител на сектор/одделение задолжен за вршење на работи од социјална и детска заштита | 1-2 |
| 2. | Центар за социјална работа | раководители на служба за права на парична помош од социјална заштита и служба за социјални услуги | 2 |
| 3. | Даватели на услуги | установи за социјална заштита, згрижувачи, физички лица даватели на услуги | 1-2 |
| 4. | Здруженија | здруженија активни во дејноста социјална заштита | 1-2 |
| 5. | Верски заедници | верски заедници застапени во општината | 1-2 |
| 6. | Установи од областа на образованието | социјален работник/педагог/<br><br>психолог/дефектолог (од едно основно и едно средно училиште) | 2 |
| 7. | Установи од областа на здравствената заштита | социјален работник/психолог/психијатар/ дефектолог (од болница, здравствен дом, центар за ментално здравје и др.) | 1 |
| 8. | Установи од областа на вработувањето | центар за вработување | 1 |
| 9. | Полиција | инспектор за превенција, јавен ред и мир/ инспектор за малолетничка деликвенција и сл. | 1 |
| 10. | Јавно обвинителство | | 1 |

### 3.2. Процес на стратешко планирање

Процесот на стратешко планирање на социјално-заштитните активности на локално ниво, се води од најновите законски решенија со кои делумно се формализираат чекорите кои треба да се следат во тој процес. Имено, процесот започнува со подготовка и усвојување на социјален план како облигаторна обврска на ОССЗ. Врз основа на социјалниот план, советот на општината на предлог на градоначалникот усвојува Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во која се предвидуваат активности и средства за реализација на истите. Членовите на ОССЗ се активно вклучени во изработката на Годишната програма која треба да е во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита, донесена од Владата на Република Северна Македонија за период од 10 години. На крајот од годината се усвојува завршен извештај за реализирани активности во социјалната заштита согласно предвидената годишна програма кој се доставува до Министерството за труд и социјална политика (Види Приказ 11).

*Приказ 11. Процес на годишно стратешко планирање*



### 3.2.1. ***Подготовка на Социјален план***

Процесот на годишно стратешко планирање започнува со подготовка на социјалниот план од страна на ОССЗ во кој задолжително се предвидува следење на следните чекори (види Приказ 12):

*Приказ 12. Чекори при изработка на социјален план*




*1) Идентификација на ранливи групи - мапирање на социјални проблеми*

Првиот чекор во стратешкото планирање, односно во изработката на социјалниот план, е идентификацијата на ранливите групи во општината. Систематско, планско и организирано унапредување на социјалната добросостојба на граѓаните во една локална заедница е невозможно доколку не се идентификуваат потребите на најранливите групи граѓани и мапираат постоечките социјални проблеми. Во идентификацијата на ранливите групи во локалната заедница се можни 2 пристапа:

1) Избор на група од интерес и проучување на ризиците и стресорите кои најмногу односно најчесто ја погодуваат таа група;

2) Избор на ризик/проблем од интерес и проучување кои групи граѓани се најпогодени од тој ризик.

За идентификација на ранливите групи можат да се користат повеќе методи и техники (види Приказ 13).

*Приказ 13. Методи и техники за идентификација на ранливи групи во локалната заедница*

| Метода/ техника | Опис | Предности | Недостатоци |
|---|---|---|---|
| | **КВАЛИТАТИВНИ** | | |
| **Интервју** | Техника на директно поставување прашања и добивање одговори врз основа на однапред подготвен инструмент – план на интервју. За идентификација на ранливи групи се препорачува полуструктуирано интервју во кое се дозволува слобода во поставувањето на прашањата и одговарањето | Овозможува длабинска квалитативна анализа; Може да се примени ***за интервјуирање клучни луѓе од заедницата*** кои имаат сознанија за социјалната ранливост во општината и ***претставници од релевантни институции*** кои работат со ранливи групи (јавни, приватни, верски, невладини) | Реализацијата трае подолго време; Потребна е експертиза за ефикасно и ефективно водење на интервјуто и добивање релевантни сознанија |
| **Анализа на содржина**<br><br>**(секундарни извори)** | Техника на добивање сознанија за ранливите групи врз основа на анализа на содржина на релевантни документи – секундарни извори на податоци од типот на ***стратегии, програми, извештаи од евалуација и проценки*** | Овозможува холистички пристап во идентификацијата на ранливите групи затоа што користи повеќе извори на податоци; Овозможува компарација на наодите | Можна некомпатибилност и неусклađеност на добиените податоци |
| **Анализа на содржина**<br><br>**(евиденција)** | Техника на добивање сознанија за ранливите групи врз основа на анализа на содржина на евиденција – дата бази од релевантни институции ***(евиденција на невработени, евиденција на корисници на социјална заштита, здравствена евиденција на болни од социјални болести, образовна евиденција на деца со проблематично однесување итн)*** | Службената евиденција не секогаш ја отсликува реалната состојба во општината (голем број ранливи групи воопшто не се дел од евиденцијата на јавните служби); Службената евиденција често не се води врз база на доволен број индикатори, па оттука тешко можат да се извлечат прецизни заклучоци за карактеристичните ранливи групи | Бара поддршка на добиените сознанија преку примена на дополнителни методи и техники |
| **Анализа на содржина**<br><br>**(статистика)** | Техника на добивање сознанија за ранливите групи врз основа на анализа на содржина на статистички бази на податоци ***(пописи на население, профили на сиромаштија, анкети на домаќинства)*** | Валидност и можност за генерализација на наодите поради големиот примерок кој се користи во овој тип истражувања | Фокусираност на големи ризици на ниво на социјални проблеми; занемарени се помалите ризици на ранливите групи; анкетите понекогаш не ги опфаќаат најранливите групи |
| | **КВАНТИТАТИВНИ** | | |
| **Анкети** | Техника за идентификација на ранливите групи преку добивање сознанија за ризиците и последиците од нив преку дистрибуција на ***прашалник*** до репрезентативен примерок од населението | Оваа техника е лесно спроведлива на локално ниво; Можат да се добијат релевантни сознанија заради тоа што најчесто се опфатени поголем број граѓани | Тешкотии во обезбедување репрезентативност; Површност и неможност за длабинска квалитативна анализа |

*Извор: Борнарова, 2013*

Процесот на мапирање на социјалните проблеми почнува со примена на техниките на интервју, како и анализа на содржина на статистички податоци, евиденции и секундарни извори на податоци. Увидот во овие податоци обезбедува генерална слика за состојбите во општината поврзани со присуството (вид, обем, географска, полова, старосна, етничка дистрибуција) на одредени социјални проблеми и ранливи групи кои ги погодуваат. Подлабинско и потемелно мапирање на локалните социјални проблеми и нивните специфики се овозможува со користење на квантитативни техники, како на пример анкетирање на репрезентативен примерок од населението. Сите сознанија добиени од примената на овие техники се обработуваат, се сумираат и се составен дел од Социјалниот план.

Од посебен интерес за секоја локална заедница треба да бидат оние ранливи групи кои се наоѓаат во најнеповолна ситуација. Тоа се невидливите ранливи групи и оние ранливи групи кои се видливи само за општата јавност, но не и за јавните институции. Ова од причина што овие ранливи групи се најизложени на дополнителни проблеми од типот на *дискриминација* (поинаков и нерамноправен третман од третманот што го добиваат останатите групи население), *маргинализација* (општествена непризнаеност и незаинтересираност за проблемите и потешкотиите на овие групи поради што се принудени да живеат на маргините на општеството) *и социјална исклученост* (отежнат или целосно оневозможен пристап до општествените ресурси).

2) *Анализа на капацитети и расположливи социјални услуги*

Следниот чекор во изработката на Социјалниот план е анализата на капацитетите и расположливите социјални услуги во општината. Оваа анализа опфаќа утврдување на:

а) *Достапни капацитети и услуги* во следниве области: социјална заштита, образование, здравство, култура, спорт, медиуми, граѓански организации, верски организации, стопански субјекти и др.

б) *Предности и слабости во доставата на постоечките услуги* од областа на социјалната заштита: инфраструктура, кадар, финансирање, услови за работа, одржливост, континуитет, квалитет и сл.

в) *Расположливи неискористени капацитети* (празни објекти, простории од постоечки објекти кои би можеле да се отстапат на користење, расположлив кадар кој би можел да се ангажира, можни донатори и финансиери за потребите на воспоставување на одредена социјална услуга, неискористени инструменти за мобилизација на средства и др.).

Основни техники преку кои се реализира овој чекор од процесот се: неструктуирани отворени интервјуа со релевантни чинители од локалната заедница, експертски интервјуа, непосреден увид на терен, како и изработка на карта со расположливи и неискористени капацитети.

3) *Проценка на специфични потреби за развој на социјални услуги*

Утврдувањето на ранливите групи граѓани во локалната заедница не е доволно за избор на соодветни социјални услуги. Следниот чекор кој е потребно да се спроведе е анализа на нивните проблеми и потреби, на ресурсите кои ги користат и пречките на кои наидуваат во пристапот до ресурсите, како и на ресурсите кои им недостасуваат.

За таа цел се препорачуваат техники кои подразбираат директно вклучување на припадници на целната група во истражувањето (Приказ 14).

*Приказ 14. Методи и техники за проценка на потребите од социјални услуги за ранливи групи граѓани во локалната заедница*

| **Метода/ техника** | **Опис** | **Предности** | **Недостатоци** |
|---|---|---|---|
| | **КВАЛИТАТИВНИ** | | |
| **Интервју** | Техника на директно поставување прашања и добивање одговори врз основа на однапред подготвен инструмент – план на интервју. За проценка на потребите на ранливите групи се препорачува полуструктуирано интервју во кое се дозволува слобода во поставувањето на прашањата и одговарањето | Овозможува длабинска квалитативна анализа на карактеристиките на ранливост, проблемите и потребите на ранливите групи; | Реализацијата трае подолго време; Потребна е експертиза за ефикасно и ефективно водење на интервјуто и добивање релевантни сознанија; Придобивање на ранливите групи за соработка |
| **Фокус групи** | Техника на дискусија со 12-6 претставници на ранливата група фокусирана на однапред подготвени прашања во чек-листа (инструмент-потсетник) | Овозможува длабинска квалитативна анализа на карактеристиките на ранливост, проблемите и потребите на ранливите групи; Се добива увид во најгорливите потешкотии и проблеми кои се изразуваат преку групната динамика | Придобивање на ранливите групи за соработка; Формирање на групата (присуство на групата во исто време, на исто место) |
| **Биографска метода** | Техника на анализа на животни истории на лица припадници на ранливата група | Овозможува длабинска квалитативна анализа на карактеристиките на ранливост, проблемите и потребите на ранливите групи со кои се соочиле во текот на животот | Придобивање на ранливите групи за соработка; Потешкотии по пат на меморија да се доловат најважните настани |
| **Студии на случај** | Техника на претставување на повеќе животни ситуации на претставници од ранливите групи | Овозможува споредба и утврдување на заедничките карактеристики, проблеми и потреби на припадниците на иста ранлива група | Придобивање на ранливите групи за соработка; Бара умешност за компарација, синтеза и генерализација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мапирање** | Техника на собирање информации за срединските ресурси кои и стојат на располагање на ранливата група и нивно визуелно прикажување (најчесто со концентрични кругови во вид на мапа) | Овозможува увид во обемот на заштита на ранливата група во заедницата (ресурси и услуги кои се на располагање и кои недостасуваат); Овозможува анализа на односот на ранливата група со ресурсите (однос на комуникација, конфликтен, прекинат итн) | Бара солидна база на претходни сознанија; Специфична експертиза за реализација на техниката |
| **Анализа на содржина** | Техника на добивање сознанија за карактеристиките на ранливата група врз основа на анализа на содржина на извештаи од претходни истражувања извршени во врска со таа ранлива група | Може да служи за проверка и дополна на резултатите од примарното истражување (главните методи и техники кои се избрани за проучување на ранливата група) | Недостаток на претходни истражувања |
| | **КВАНТИТАТИВНИ** | | |
| **Анкети** | Техника за утврдување на проблемите и потребите на ранливите групи преку дистрибуција на *прашалник* | Оваа техника е лесно спроведлива на локално ниво; Можат да се добијат релевантни сознанија заради тоа што најчесто се опфатени поголем број граѓани (доколу се работи за мала ранлива група постои можност целата група да се анкетира) | Тешкотии во обезбедување репрезентативност; Површност и неможност за длабинска квалитативна анализа |

*Извор: Борнарова, 2013*

Поради тоа што секоја од наведените техники има свои предности, но и недостатоци, во практиката пожелно е да се усвои пристап во кој ќе се комбинираат квалитативните и квантитативните техники. Кога некоја квалитативна техника ќе се примени пред квантитативната, може да даде идеи за прашања кои би можеле да се инкорпорираат во квантитативната анализа (на пример, во прашалникот). Кога пак некоја квалитативна техника ќе се примени по квантитативната, вообичаено се пружа можност за поткрепа и подетално објаснување на некои важни наоди кои се добиени од квантитативната техника.

При утврдувањето на карактеристиките на ранливоста пожелно е да се направи *увид во степенот на задоволеност на основните човечки потреби* и тоа:

а) *основни биолошки потреби:* храна, облека, обувки, време за одмор, за спиење, рекреација, спортување, прошетки;

б) *социјални потреби:* социјализација со други луѓе (поддршка и помош од пријатели, соседни, роднини, дружење), образование, работа, социјална и здравствена заштита (пристап, осигурување, здравствени проблеми, покривање трошоци за лекување и лекови), партиципација во заедницата (членство во организации/групи во заедницата, посети на црква и сл.);

в) *психолошки/емоционални потреби:* безбедност и сигурност, припадност во заедницата, самостојност и контрола над животот, внимание, интимност, блискост и љубов, приватност, почит од средината, слобода, прифатеност, задоволство и исполнетост, моќ, корисност, правично постапување, разбирање од средината и сл.

Утврдувањето на видот на незадоволени потреби е важно затоа што не води кон следниот чекор - утврдувањето на видот на социјални услуги кои би можеле да се дизајнираат за задоволување на основните биолошки, социјални и емоционални потреби на идентификуваната група граѓани.

Откако сме ги идентификувале ранливите групи, како и нивните проблеми и потреби, следно се врши избор на социјални услуги кои можат да помогнат во подобрување на нивната животна ситуација (види поглавје 1.3. Социјални услуги). За одредени социјални услуги (на пр. центар за привремен престој за жртви на семејно насилство, дом за стари лица, услуги на вон-семејна заштита) може да се планира нивно воспоставување преку меѓуопштинска соработка, со што би се обезбедиле заеднички ресурси и би се задоволиле потребите од социјални услуги на поголем број општини.

4) *Изработка на социјален план за подрачјето на општината*

Сите сознанија добиени од претходните чекори се сумираат во посебни поглавја кои го сочинуваат Социјалниот план на општината. Пример за структурата и содржината на социјалниот план е даден на Приказ 15.

*Приказ 15. Содржина на социјален план на општината*

| | **Поглавје** | **Содржина на поглавје** |
|---|---|---|
| **1.** | Вовед (1-2 страници) | Основ, цел, вклучени актери, начин и време на подготовка на Социјалниот план |
| **2.** | Општи податоци за општината<br>(1-2 страници) | **2.1. Општи карактеристики:** географска положба, рурално/урбана припадност, патна инфраструктура, доминантна дејност на населението и др.<br>**2.2. Демографски податоци:** полова, етничка, старосна структура на население, миграциони движења, густина на населеност, стапка на сиромаштија, активност, невработеност и др. |
| **3.** | Мапа на социјални проблеми<br>(7-10 страници) | **3.1. Корисници на социјална заштита** (статистички податоци за права на парична помош и социјални услуги: трендови во последните пет години, анализа на причини и последици и сл.)<br>**3.2. Идентификувани ранливи групи и социјални проблеми** во општината:<br>3.2.1. *Карактеристики на социјален проблем 1*<br>а) ранливи групи погодени од социјален проблем 1: социо-економски статус, социјална интеграција, достапност до права и ресурси, реакции од средината (положба во заедницата, дискриминација, стигматизација, маргинализација и сл.), незадоволени потреби: основни биолошки, социјални, психолошки.<br>3.2.2. *Карактеристики на социјален проблем 2*<br>а) ранливи групи погодени од социјален проблем 1: социо-економски статус, социјална интеграција, достапност до права и ресурси, реакции од средината (положба во заедницата, дискриминација, стигматизација, маргинализација и сл.), незадоволени потреби: основни биолошки, социјални, психолошки. |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | Капацитети и расположливи социјални услуги (3-5 страници) | **4.1. Институционални капацитети:**<br><br>а) Социјална заштита: детски градинки, ЦСР, ЦВ, услуги во домот, центри за социјални услуги во заедницата, установи за социјална заштита и други социјални услуги – пасивни и активни;<br><br>б) *Сродни сектори:*<br><br>- *образование* (основни, средни, високи образовни институции, ученички домови, центри за едукација и др.);<br><br>- *здравство* (примарни, секундарни, терцијарни здравствени установи, аптеки и др.);<br><br>- *култура* (кина, театри, музеи, домови на култура, младински центри и др.);<br><br>- *спорт* (спортски сали, игралишта, клубови и др.);<br><br>- *медиуми* (локално радио, тв, весник, интернет страници и др.);<br><br>- *граѓански организации* (здруженија и фондации);<br><br>- *верски организации;*<br><br>- *стопански субјекти.*<br><br>в) *Расположливи неискористени капацитети* (празни објекти, простории од постоечки објекти кои би можеле да се отстапат на користење, расположлив кадар кој би можел да се ангажира, можни донатори и финансиери за потребите на воспоставување на одредена социјална услуга, неискористени инструменти за мобилизација на средства и др.).<br><br>4.2. *Социјални услуги:* анализа на постоечките социјални услуги од аспект на инфраструктура, кадар, финансирање, услови за работа, одржливост, континуитет, квалитет и сл. |
| **5.** | Потребни социјални услуги (3-5 страници) | а) Достапни и потребни социјални услуги за социјален проблем 1<br><br>б) Достапни и потребни социјални услуги за социјален проблем 2 |

### 3.2.2. ***Подготовка на годишна програма за социјална заштита***

Годишната програма за социјална заштита на општината (Годишна програма) е основен документ со кој се планираат активностите од областа на социјалната заштита кои се реализираат на годишно ниво на подрачјето на општината. Годишната програма се подготвува врз основа на претходно подготвен социјален план на општината, согласно приоритетите и финансиските можности.

Структурата на Годишната програма е дадена во Приказ 16 долу.

*Приказ 16. Структура на Годишна програма за социјална заштита*

| ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (ГПСЗ) | | |
|---|---|---|
| | | |
| 1. ВОВЕД<br><br>2. ВИЗИЈА на Годишната програма____________________________________<br>__________________________________________________________________________<br>__________________________________________________________________________<br>______________ | | |
| 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ | | |
| ЦЕЛ 1. | ЦЕЛ 1. | |
| | Активност 1. | |
| | Носители | |
| | Рокови | |
| | Финансирање | |
| | Индикатори за следење на реализацијата | |
| | Активност 2. | |
| | Носители | |
| | Рокови | |
| | Финансирање | |
| | Индикатори за следење на реализацијата | |
| ЦЕЛ 2. | ЦЕЛ 2. | |
| | Активност 1. | |
| | Носители | |
| | Рокови | |
| | Финансирање | |
| | Индикатори за следење на реализацијата | |
| | Активност 2. | |
| | Носители | |
| | Рокови | |
| | Финансирање | |
| | Индикатори за следење на реализацијата | |
| | | |
| 4. БУЏЕТ: | | |
| Буџет по цели | Цел 1: | |

| | | |
|---|---|---|
| | Цел 2: | |
| | Цел 3: | |
| Вкупен буџет | | |
| | | |
| 5.ЕВАЛУАЦИЈА: ________________ | | |

Во *воведот* на Годишната програма се наведува основот за нејзино донесување, целта и вклучените актери во нејзината подготовка.

*Визијата* на Годишната програма е општа цел, односно со неа се отсликува посакуваната состојба која треба да се постигне преку реализација на мерките и активностите предвидени во програмата.

За секоја *конкретна цел* која треба да биде јасна, остварлива и мерлива, се наведуваат конкретни активности/мерки за кои се предвидуваат:

а) *Носители*: Определување на надлежна институција/организација за реализација на активноста. Доколку активноста е предвидено да се реализира преку локална соработка, потребно е јасно да се дефинира улогата на секој од учесниците во соработката.

б) *Временска рамка :* За реализација на секоја активност се предвидува соодветна и реално остварлива временска рамка (рок за реализација).

в) *Финансирање:* Прецизно дефинирање на фискалните импликации за реализација на активноста и изворите на финансирање.

г) *Индикатори за следење на реализацијата на активноста :* Се утврдува мерлив индикатор/и преку кој ќе се следи дали активноста е реализирана.

Последниот дел од Годишната програма кој се однесува на евалуација на нејзината реализација треба да содржи опис на начинот на кој ќе се евалуира програмата и инструментите кои ќе се користат за целите на евалуација.

Пример на поставени конкретни цели и активности во една Годишна програма е даден на Приказот 17 во продолжение.

*Приказ 17. Пример на поставени цели и активности во Годишна програма*

| ЦЕЛ 1. | **Подобрување на грижата и положбата на старите лице во заедницата** | |
|---|---|---|
| | Активност 1. | Отворање на дневен центар за стари лица |
| | Носители | · Општина – обезбедува средства за кадар, режиски и тековни трошоци<br>· ЈУ Дом за стари лица - основач на услугата, обезбедува простор<br>· НВО – реализација на културно-рекреативна програма на центарот<br>· Приватен сектор - обезбедува опрема за центарот<br>· Образование – студенти волонтери за целите на социјализација и едукација |
| | Рокови | 15 мај 2021 |
| | Финансирање | · Општина: 90.000 денари месечно<br>· Дом за стари лица: /<br>· НВО: 10.000 денари месечно<br>· Приватен сектор: 150.000 денари еднократно<br><br>Вкупно годишно: |
| | Индикатори за следење на реализацијата | Отворен дневен центар за стари лица |
| | Активност 2. | Спроведување на тримесечна кампања против дискриминација на стари лица – видео спот во траење од 2 минути и брошура на 4 страници |
| | Носители | · Општина – обезбедува средства за кампањата – снимање на видео спот<br>· НВО – содржински ја осмислува и изработува дизајн на кампањата, дистрибуција на брошура<br>· Локални медиуми – ја емитуваат кампањата во јавноста (3 месеци, 150 емитувања)<br>· Приватен сектор – печатење на брошури во 500 примероци<br>· Училишта и ЦСР – се вклучуваат во кампањата – промоција на кампањата преку емитување видео на едукативен настан и дистрибуција на брошури |
| | Рокови | септември 2021 – подготовка<br>октомври-декември 2021 - реализација |
| | Финансирање | · Општина – 80.000 денари еднократно<br>· НВО – 40.000 денари еднократно<br>· Локални медиуми – бесплатно емитување на видеото<br>· Приватен сектор – 20.000 денари |
| | Индикатори за следење на реализацијата | · Снимен видео спот во траење од 2 минути<br>· Изработена брошура на 4 страници<br>· Испечатена брошура во 500 примероци<br>· Емитуван видео спот на локалните медиуми – тв и радио станици во период од три месеци, 150 пати<br>· Дистрибуирани 500 брошури преку училишта, ЦСР и НВО<br>· Промовиран видео спотот преку негово емитување во 4 основни и 2 средни училишта на едукативни настани за учениците |

### 3.2.3. *Подготовка на завршен извештај*

По завршувањето на тековната година, општината во соработка со ОССЗ подготвува завршен извештај. Во овој извештај се нотира успешноста во реализацијата на активностите предвидени со Годишната програма. Оценката се базира на податоците добиени од евалуација на спроведените активности согласно дадените индикатори за нивна реализација. Во однос на активностите кои не се реализирани или се само делумно реализирани, се наведуваат причините, бариерите како и препораките за нивно надминување. Исто така, во завршниот извештај се наведува информацијата дали сите средства предвидени со Годишната програма се искористени и дали и во колкав износ имало пренамена на средства за други потреби на општината. Овој извештај се доставува до Министерството за труд и социјална политика на увид. Пример на завршен извештај е даден на Приказ 18.

*Приказ 18. Пример на Завршен извештај*

1. Вовед

2. Резултати од евалуација

3. Статус на реализираност на активности и средства

| **Цели** | **Активности** | **Статус на реализација на активноста (чекирај √)** | | | **Пречки/ бариери** | **Искористеност на средства (чекирај √ и прецизирај износ на средства)** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | | Целосно искористени | Делумно искористени | Целосно неискористени | Пренаменети за други потреби |
| ЦЕЛ 1. | | | | | | | | | |
| | Активност 1. | | | | | | | | |
| | Активност 2. | | | | | | | | |
| ЦЕЛ 2. | | | | | | | | | |
| | Активност 1. | | | | | | | | |
| | Активност 2. | | | | | | | | |
| | Активност 3. | | | | | | | | |
| | ... | | | | | | | | |
| | | | | | | Вк: | Вк: | Вк: | Вк: |

3. Заклучок и препораки

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Богоевска, Н., Димитријоска, С., 2020. Заштита на деца, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет-Скопје.
2. Богоевска, Н., Борнарова, С., Геровска-Митев, М., 2020, Социјалната заштита во Македонија: регулатива и практика, Скопје: Министерство за труд и социјална политика и Светска Банка.
3. Борнарова С. (2012), Социјална работа со семејство, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Филозофски факултет – Скопје.
4. Борнарова, С., Богоевска, Н. (2019), Едукативна програма за социјално менторство, Скопје: Асоцијација за истражување, комуникации и за развој Паблик – Скопје.
5. Борнарова, С., ур. (2013), Прирачник за развој на социјални услуги за ранливи групи во локална заедница, Министерство за труд и социјална политика и УНДП.
6. Сулејманов З., Стојаноски Н. (2002), Социјална патологија, Скопје: Југореклам.
7. Bogoevska, N., Dimitrijoska, S., 2018. Changes in the Social Protection System in the Republic of Macedonia, in: Social Studies, Volume I Number 2018 ,1, Faculty of Political Science, University of Saraevo.
8. Bullain, N., Panov, L. (2012). A Handbook on Non-State Social Service Delivery Models: A guide for policy makers and practitioners in the CIS region. Bratislava: UNDP.
9. Children Acts Advisory Board. (2009). Guidance to Support Effective Inter-agency Working Across Irish Children's Services. Dublin: Children Acts Advisory Board.
10. Coleman, J., W., Kerbo, R., H. (2002). *Social Problems* . 8th edition. Upper Saddle River, NJ. Prentice Hall.
11. European Social Network (2016). Integrated social services in Europe: A study looking at how local public services are working together to improve people's lives. European Commission. Brussels.
12. Glynn, A., J., Hohm, F., C., Stewart, W., E. (1996). *Global Social Problems. New York: HarperCollins College Publishers.*
13. Guerrero-Leon, A. (2005). *Social Problems: Community, Policy and Social Action.* Thousand Oaks: Sage publ.
14. Heiner, R. (2006). Social Problems: *An Introduction to Critical Constructionism.* Second edition. New York: Oxford University Press.
15. Hoogeveen J., et al. (2004). A Guide to the Analysis of Risk, Vulnerability and Vulnerable Groups. Social Protection Department. World Bank. Washington DC.
16. Johnson, C., L., Schwartz, L., C. (1994). *Social Welfare – A Responce to Human Need.* Allyn and Bacon.
17. Kautto, M. (2002). Investing in services in West European welfare states. Journal of European Social Policy. Vol 12:1.
18. Montero, L., et al (2016). Integrated social services in Europe. European social network.
19. Munday, B. (2003). European social services: A map of characteristics and trends. Council of Europe.
20. Mooney, A., L., Knox, D., Schacht, S. (2005). *Understanding Social Problems.* 4th edition. Belmont: Thomson Wadsworth.
21. Rostgaard, T. (2002). Caring for children and older people in Europe – A comparison of European policies and practice. Policy Studies. Vol. 23. No. 1.
22. World Bank (2003). Social Risk Management: The World Bank's Approach to Social Protection in a Globalising World. Social Protection Department. World Bank. Washington DC.
23. Wormer, V., K. (1997). *Social Welfare - A World View.* Nelson-Hall Publ. Chicago.
24. Ritzer, G. (ed). (2004). *Handbook of Social Problems – A Comparative International Perspective.* Sage Publ. London.

Релевантни закони


1. Закон за социјална заштита („Сл. весник“ бр. 19/146 ,19/104).
2. Закон за семејство („Сл. весник“ бр. ,12/44 ,12/39 ,10/156 ,10/67 ,2008/84 ,2006/33 ,2004/38 ,1996/9 ,1992/80 2015/150 ,15/104 ,14/14,115/38).
3. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Сл. весник“ бр. 15/150 ,15/33 ,14/138).
4. Закон за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. ,18/198 ,18/21 ,17/163 ,16/27 ,15/150 ,15/25 ,15/10 ,14/12 ,13/23 19/146 ,19/104).
5. Закон за правда на децата („Сл. весник“ бр. 2013/148).
6. Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.11/47 ,09/156 ,07/67 ,04/96 ,04/61 и 15/192).
7. Закон за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. ,2008/82 ,2002/44 ,2000/58 2011/51 ,10/167).
8. Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2011/158 ,2004/55).
9. Законот за установите („Сл. весник на РМ“ бр. 2005/120 ,2005/32 и 2011/51).
10. Закон за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. бр. 2002/5).
11. Закон за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ“ бр. 2009/79).
12. Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ“ бр. 16/55 ,11/135 ,10/52).
13. Закон за рамномерен регионален развој („Сл. весник на РМ“ бр.2015 /215 ,2014/43 ,2013/ 187 ,2007/ 63).
14. Закон за вработување инвалидни лица („Сл. весник на РМ“ бр. ,2007/29 ,2005/113 ,2005/62 ,2004/16 ,2000/44 16/27 ,15/147 ,15/129 ,2011/136 ,2009/99 ,2008/161 ,2008/88).
15. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Сл. весник на РМ“ бр. ,2000/101 ,2000/25 ,97/37 ,12/80 ,12/11 ,11/51 ,10/88 ,10/50 ,2008/161 ,2008/102 ,2007/29 ,2006/50 ,2005/4 ,2004/37 ,2003/25 ,2001/50 2016/119 ,16/27 ,15/154 ,15/147 ,15/129 ,15/56 ,14/113 ,14/44 ,14/39 ,12/114).
16. Закон за превенција и заштита од дискриминација („Сл. весник на РМ“ бр. 15/150 ,14/44 ,10/127 ,2010/50).
17. Национална програма за развој на социјалната заштита 2021-2011, Влада на Република Македонија, Скопје, 2010.

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

UNDP